ПЕТРЕ ГЕОРГИЕВСКИ

# ПАРТИЦИПАЦИЈАТА, САМОУПРАВУВАЊЕТО И СОЦИЈАЛИЗМОТ

Во бројните теоретски расправи на Запад и на Исток под поимот самоуправување се подразбираат најразлични нешта, честопати идентификувајќи го со одделни облици на партиципација или учество на работниците во управувањето во услови на приватно-капиталистичка или етатистичка сопственост на средствата за производство.

Меѓутоа, пред да се укаже на овие различни сфаќања за самоуправувањето, ќе се изнесе основната цел на ова соопштение. Со оглед на ширината на темава, не е цел таа исцрпно да се изложи, туку во основни црти да се укаже на суштинските разлики, од една страна, и сличностите и значењето на партиципацијата и социјалистичкото самоуправување, од друга страна, како и на односот помеѓу поимите „самоуправување" и „социјализам".

## I

1. Во зависност од конкретната општествено-историска практика, конкретните услови во кои се развива работничкото движење во капитализмот, облиците на учество на работниците во управувањето се означуваат со различни термини кои можат на еден континуум да се наредат, почнувајќи од терминот „партиципација", „соодлучување" „работничка контрола", „работнички комисии", „работнички комитети", „фабрички совети", „индустриска демократија", па сè до терминот „самоуправување".[1] Притоа, треба да се истакне дека овие термини за одделни мислители се разликуваат, т.е. изразуват различни нешта. Така, кај некои партиципацијата се сфаќа како понизок (понеразвиен) облик на управување на работниците од работничката контрола, додека за други мислители двата овие облици на учество на работниците во управувањето означуваат ист облик, односно постои нивно идентификување, бидејќи, според нив изразуваат иста суштина. Затоа, тие се означуваат само со еден израз, обично со „партиципација", иако често е во употреба и тер-

Објавено во книгата „Самоуправувањето како законитост во социјалистичкиот развој на Југославија", МАНУ, Скопје, 1982.

[1] *P.Georgievski,* Socijalističko samoupravljanje i oblici učešća radnika u upravljanju u kapitalizmu, „Marksizam u svetu", 9, 1976, s. XXVIII.

минот „индустриска демократија". Без разлика за кој облик на управување станува збор или со какво име ќе се означи, во условите на капиталистичкиот начин на производство нивната суштина останува иста: учество или консултација на работниците од страна на работодавателите во донесувањето на определени одлуки на рамништа на претпријатие или фабрика, што е последица на постоење на концентрираната моќ во рацете на сопствениците на средствата за производство. Оттука, сите овие облици на учество на управување (вклучувајќи го тука пред сè поимот „партиципација" кој кај извесен број мислители се идентифекува со поимот „самоуправување"), всушност ги камуфлираат постојните хиерархиски односи на општествената моќ, односи на потчинување и надредување, односи на извршување и управување, односи што ја изразуваат вистинската поделба на умствен и физички труд.

Оттука, не се одржливи обидите кај некои мислители содржината и суштината на поимот „партиципација" да се проширува и надвор од капиталистичкото претпријатие кога се тврди дека партиципацијата на работниците во одлучувањето на претпријатието има многу пошироко значење од поимот „партиципација на работниците во управувањето и раководењето на претпријатието" (К. Ванек) или кога првиот вид партиципација се означува како „парцијална", а вториот како „целосна партиципација".[2] На тој начин ваквите и слични сфаќања, поимот „партиципација" не само што го доближуваат до поимот „самоуправување" туку и меѓу нив стаат знак на еднаквост.

Недостатоците на ваквите сфаќања на партиципацијата се забележани во рамките на современото работничко движење во капитализмот, и тоа од оние марксистички ориентирани мислители кои, исто така, се обидуваат критички да укажат дека постојните облици на партиципацијата повеќе се насочени во полза на служење и зачувување на моќта на капиталот и неговата натамошна експанзија и самооплодување, отколку што придонесуваат за вистинско и суштинско менување на постојниот капиталистички начин на производство и дека во најдобра рака завршуваат со компромис, а не со остварување на класните интереси на работниците. Од овој критички став произлегува и нивното сè поголемо интересирање за самоуправувањето како облик на политички „свесната работничка самоорганизација и самодејност, ослободена од надворешен партнерски притисок на државносопственичката и партиската технобирократија".[3]

2. Всушност, и во обидот на изградбата на социјалистички односи врз државна сопственост на средствата за производство, облиците на учество на работниците во самоуправувањето не ја преминуваат границата на „партиципација", без разлика што ним понекогаш им се дава и самоуправна содржина.

---

[2] *C. Pateman,* Participation and Democratic Theory, C.U.P. 1970. p. 71.

[3] *R. Kalanj,* Radnički pokret izmedju participacije i istinskog demokratskog odlučivanja, „Marksizam u svijetu", 12, 1974, s. 15.

Познато е искуството на великата Октомвриска револуција од времето на Ленин, кога управувањето на работниците и селаните се вршело преку советите, кои сè до 1921 година не биле претворени во државни органи. Се дотогаш Ленин постојано ја истакнувал паролата за преминување на сета власт врз советите. Така, општественото управување не било затворено во рамките на претпријатието туку ги опфаќало и другите рамништа на општествено-политичката организација. Со пренесувањето на самоуправните права и ингеренции од советите на државно-партиските органи, чие оличение, во рамките на претпријатие преку принципот „единоначалие", бил и е директорот, како и со зацврстувањето на култот на личноста, советите речиси потполно биле истиснати од државно-административните органи. Оттука и современите сфаќања во советската теорија за самоуправувањето го носат белегот на својата практика од која произлегуваат. Тие се движат од оние кои ја негираат можноста за развој на самоуправувањето на социјализмот, зборувајќи само за таканаречено „комунистичко самоуправување" што би било карактеристично за втората фаза на комунизмот па сè до оние сфаќања кои расправаат за т.н. „државно самоуправување" и „социјалистичко општествено самоуправување"[4]. Во нив се нагласува дека „комунистичкото самоуправување" поникнува и се развива од условите на социјалистичката државност. И, доколку може да се зборува за самоуправувањето во социјализмот, според нив, тогаш тоа носи „политички државен карактер".[5] Изнесувајќи ја теоријата дека за советското општество е завршена фазата на диктатура на пролетаријатот и дека тоа сега се наоѓа во фаза на „развиен социјализам" во која државата и натаму останува и јакне, социјалистичкото самоуправување или го негираат или сè уште го сметаат за државно, со што нејасно останува прашањето: Ако не одумира диктатурата на пролетаријатот како држава, бидејќи наводно таа фаза е „надмината", каква е таа држава која останува по диктатурата на пролетаријатот и како таа ќе одумре ако не постои процес на самоуправување, дури и ако постои таканаречено „државно самоуправување"? Всушност, државната сопственост е само еден степен на премин на капиталистичка кон општествена сопственост, а не и самата општествена сопственост, за што во оваа теорија не се води сметка, па оттука и капиталистичкиот монопол на одлучување и управување се заменува со етатистичко-бирократскиот монопол, каде што наемното битие на работниците суштински не се менува. Затоа, практично, облиците на учество во управувањето во услови на етатистички начин на производство на социјализмот се сведуваат на еден од облиците на „партиципација".

---

[4] *A. Belih,* Upravljanje i samoupravljanje „Marksizam — misao savremene epohe", treći tom, Antologija, NIU „Službeni list", Beograd, 1976. s. 236/7.

[5] *J. Stepanov, Ličnost,* društvo i država (исто како претходната белешка), s. 239/40.

## II

Пред да се изнесат суштинските разлики помеѓу поимите „партиципација" и „самоуправување", треба да се изнесат и извесни сличности:[6]

1. Стремежот и целта на работниците при партиципацијата и при самоуправувањето се состојат во „економско ослободување на трудот", т.е. такво ослободување во кое трудот ќе го изгуби својот класен карактер.

2. Самоуправувањето и партиципацијата претставуваат такви облици на управување во кои работничката класа се стреми да овладее со условите и средствата на трудот, со цел да ги претвори во своја сопственост.

3. Преку едниот и преку другиот облик на управување работничката класа настојува и се обидува да овладее со вишокот на трудот и да одлучува за неговата распределба, барем на рамниште на претпријатие.

4. Преку партиципацијата и самоуправувањето работничката класа и работниот човек настојуваат да ја разурнат постојната хиерархија на општествените односи и општествената моќ концентрирана во рацете на државно-бирократските и техноменаџерските структури барем на пониските рамништа на конкретната општествена организација.

5. Партиципацијата ја ублажува, а социјалистичкото самоуправување го овозможува, надминувањето на поделбата на умствен и на физички труд; тие се стремат кон надминување на положбата на работникот како објект и кон негово изразување како субјект во конкретната општествено-историска практика, а со тоа и кон менување на својот начин на живот.

Суштинските разлики помеѓу поимите ‚партиципација" и „самоуправување" произлегуваат од суштинските карактеристики на начините на производство со што се означуваат и како различни типови на општествено-економски формации. Имено, партиципацијата и нејзините облици на учество на работниците во управувањето се карактеристични за капиталистичко-монополскиот и етатистичко-бирократскиот начин на производство, додека самоуправувањето непосредно е вткаено во самиот социјалистички начин на производство.

Самоуправувањето, пред се, е врзано за социјалистичкото општество, во кое средствата за производство се поопштествени, извршена е експропријација на експропријаторот. Тоа е конкретен облик на диктатура на пролетаријатот, додека партиципацијата претежно се однесува на капиталистичкиот начин на производство или на државно-сопственичките односи во етатистичкиот модел на социјализмот. Самоуправувањето е израз на социјалистичката, пролетерската револуција и затоа таа е негов извор, додека партиципаци-

---

[6] *S. Lukić,* Samoupravljanje i participacija, „Ideje" 4, 1980, s. 26—34.

јата е врзана за еволутивните фази на капиталистичкиот и етатистичкиот начин на производство.

Самоуправувањето може да го регулира дејствувањето на стихијноста на пазарот и некои негови закони да ги насочи кон планираниот правец, зашто само тоа ја доведува во прашање самата егзистенција на стоковното производство, додека партиципацијата нема таква позиција и моќ и таа, по правило, само се прилагодува на стоковното производство.

Самоуправувањето, како базичен општествен однос и процес и како целосен општествено-политички систем, влијае врз надминувањето на општествената поделба на трудот, посебно врз поделбата на физички и умствен труд, додека партиципацијата нејзе само ѝ се прилагодува и битно не влијае врз нејзината промена.

Со самоуправувањето започнува процесот на менување на постојната хиерархиска класно-социјална структура, процес кој не е само во марксистичката литература, туку и во конкретната социјалистичка практика, означен како одумирање на класите, процес на „претворање на секој човек во работник“,[7] додека партиципацијата воопшто не ги потресува темелите на класно-социјалната „зграда“ на современите капиталистички и етатистичко-бирократски општества. Партиципацијата може да ја подобрува работната положба на човекот, а самоуправувањето суштински ја менува претворајќи ја од наемна во слободна и творечка.

Само самоуправното општество е способно да ги разрешува антагонистичките класни спротивности и да ги надминува сите видови на човечкото отуѓување и повторно добивање на својот човеков тоталитет; единствено преку него води патот кон создавање асоцијација на слободни производители во која „слободниот развиток на поединецот е услов за слободниот развиток на сите“[8] т.е. единствено преку него води преминот од политичка кон човечка заедница.

Самоуправувањето е во спротивност со државната власт и тоа неа ја ограничува, децентрализира и ги трансформира нејзините производители, врз што фактички се засновува процесот на постепено одумирање на државата. Партиципацијата не влијае врз менувањето на постојната државна власт и само го одлага процесот на нејзиното одумирање.

Веќе е истакнато дека самоуправувањето е облик на диктатура на пролетаријатот во услови на изградба на социјалистички општествени односи, додека разните облици на партиципација претставуваат само спореден, маргинален партнер на владеачката буржоаска класа.

Фактичкото дејствување на партиципацијата се карактеризира со класичен компромис, бидејќи е израз на две различни по моќ класни сили кои се антагонистички спротивни, додека самоуправу-

---

[7] *К. Маркс*, Грађански рат у Француској, „Изабрана дела“, том I, „Култура“, Београд, 1949, с. 500.

[8] *К. Маркс — Ф. Енгелс*, Манифест на комунистичката партија, „Студентски збор“, Скопје, 1973, с. 46.

вањето е општествен однос на рамноправни субјекти и претставува надраснување на капиталистичките и етатистичките антагонистички противречности.

Оттука, во срцевината на самоуправувањето лежи социјалната револуција, во партиципацијата — социјалната реформа. Во суштината на самоуправувањето е вградена критичноста[9] на субјектите што учествуваат во него, додека во партиципацијата — некритичноста и апологијата.

Самоуправувањето го карактеризира непосреден активен процес во донесување на одлуки на сите учесници во тој процес, додека партиципацијата се карактеризира со пасивен однос, зашто обично таа има само советодавни интеренции, поднесување на предлози и информирање на своето членство.

Самоуправувањето силно влијае врз промените на културата, образованието, науката, уметноста и воопшто врз духовниот живот на луѓето и нив ги проникнува, проширувајќи ги нивните права и слободи и овозможувајќи го процесот на создавање на сестрано развиена личност, додека партиципацијата само го потенцира без да го доведува во прашање капиталистичкиот културен и воопшто духовно-вредносен систем; партиципацијата воопшто не ја менува положбата на науката, образованието, уметноста како „слугинки" на капиталот. Само самоуправувањето може да ја разбие онаа, според Лениновите зборови „апсурдна, глупава, гнасна и одвратна предрасуда дека да управуваат со државата, да раководат со организираната изградба на социјалистичкото општество можат таканаречените виши класи, само богатите, или оние кои поминале низ училиштата на богатите класи".

Партиципацијата и нејзините облици се ограничени и опфаќаат само едно рамниште, и тоа, по правило, рамниште на фабрика или претпријатие, додека самоуправувањето ги опфаќа сите рамништа почнувајќи од работното место во погонот, претпријатието, комуната и општеството како целина, прераснувајќи во институција и во политички систем. Самоуправувањето, дури од поквалитетен карактер, кое би се „заробило" на едно или само на пониските рамништа на општествениот организам, неминовно би се свело на еден од облиците на партиципацијата на работниците во управувањето.[10]

Оттука, самоуправувањето не е еден од облиците на партиципацијата или еден од патиштата на изградба на социјализам, туку негова суштина, негова differentia specifica, негова општествена законитост,[11] додека партиципацијата и нејзините разни облици во капитализмот и етатистичкиот модел на социјализам изразуваат само определена тенденција на нивниот развој, а не и законитост.

---

[9] *H. Lefebvre,* Problems theoriques de l'autogestion, „Autogestion", N 1, 1966.

[10] *П. Георгиевски,* цит. дело. с. XXX.

[11] *Е. Кардељ,* Самоуправувањето — една од законитостите на социјализмот, „Погледи", 6—7, 1975, с. 13.

Самоуправувањето станува (се претвора во) светски процес, додека партиципацијата во најдобра рака се изразува само како една парцијална карактеристика на современиот техничко-технолошки развој.

Ако на овој начин се изнесени некои суштински разлики помеѓу социјалистичкото самоуправување и разните облици на партиципација, не произлегува дека партиципацијата е незначајна или е од сосема мало значење. Имено, и самиот процес на самоуправување поминал низ различни облици на партиципација и, доколку развојот на самоуправувањето се запре на пониските степени од својот развој, дотолку е потешко да се прави појасна разлика меѓу нив. Исто така е отежнато разграничувањето помеѓу пониските степени на самоуправување и оние облици на партиципацијата кои доведуваат до поголемо револуционерно единство на работничката класа, неговата авангарда, со што се поткопува темелот на капиталистичкиот начин на производство и управување, на тој начин се забрзува и неговата трансформација во социјалистичка, а со тоа и претворањето на партиципацијата во самоуправување. Во тоа, според мое мислење, лежи континуитетот меѓу разните облици на партиципацијата и социјалистичкото самоуправување.

## III

Ако односот помеѓу самоуправувањето и социјализмот условно се постави во разгледување (зашто веќе е изложено дека самоуправувањето е суштина на социјализмот, а не некоја посебна или одделна карактеристика), тогаш тој однос станува појасен ако се проследи преку следните основни карактеристики на социјализмот: општествената сопственост, распределба на трудот, планирање на стопанскиот и општествениот развој, „поработничување" на социјалната структура, децентрализација на власта и одумирање на државата и на правото; непосредна демократија и социјалистички хуманизам.

1. Ако под општествена сопственост се подразбере определен базичен општествен, односно производствен однос, а не само однос спрема нештата,[12] однос во кој средствата за производство се наоѓаат во располагање на непосредните кроизводители, а под самоуправување исто така соодветен производствен, односно општествен однос, во кој истите тие производители одлучуваат за основните прашања од нивниот живот како што се условите, средствата, резултатите од својот труд посебно вишокот на труд, тогаш станува јасно дека помеѓу општествената сопственост во социјализмот и самоуправувањето постои заемен дијалектички однос — едната составна компонента на социјализмот без другата не може да егзистира, т.е. не е сама на себеси доволна. Како што самоуправувањето не може да се остварува врз непоопштествени средства за производ-

---

[12] *E. Kardelj*, Protivrečnosti društvene svojine u savremenoj socijalističkoj praksi, „Radnička štampa", Beograd, 1972, s. 7.

ство, исто така не може да се развива процесот на поопштествување на тие средства без самоуправувањето, зашто ако работниците не управуваат непосредно или преку своите избрани делегати, туку во нивно име се управува, тогаш нужно доаѓа до создавање на отуѓени центри на моќ и управување, отуѓени од работничката класа, кои се засноваат врз државна или врз капиталистичко-корпоративна сопственост. Затоа, илузија е дека самоуправувањето може да се остварува врз овие последни облици на сопственост над средствата за производство. Искуството на самоуправувањето во Југославија покажува дека општтствената поставеност на средствата за производство е остварувана со револуционерна преобразба преку надминување на економски и политички монопол. Таа преобразба преминуваше и преминува низ определени противречности кои се состојат од нецелосно поопштествување на сите средства и услови на трудот (ситната приватна сопственост во земјоделството, занаетчиството, угостителството и трговијата), како и определена противречност и определен расчекор помеѓу нормативното, институционалното регулирање на сопственоста и економското или вистинското поопштествување, што е резултат на вистинскиот степен на развој и опфатност на социјалистичкото самоуправување во определени фази од нашиот развиток. Надминувањето на овие противречности е можно преку побрзиот развој на самоуправувањето во практиката опфаќајќи ги сите рамништа на општествената организација.

Од вистинскиот развој на општествената сопственост, односно на самоуправувањето, зависи успешното остварување и изградување на другите карактеристики на социјализмот, бидејќи тие две неразделни компоненти претставуваат и нивен заеднички именител.

Во таа смисла не може успешно и докрај да се реализира во практиката принципот за распределба според трудот и неговите резултати доколку не постои развиено социјалистичко самоуправување или доколку е тоа сведено само на неговите ниски степени кои се граничат со партиципацијата. Без развиено социјалистичко самоуправување непосредниот производител нема фактичка моќ и можност да одлучува за вишокот на трудот, да одлучува за доходот што тој го создал. Се разбира дека социјалистичкото општество не настанува и не се изградува врз својата „сопствена основа" туку врз остатоците од претходното капиталистичко општество и затоа ги сносува сите тие противречности со себе, така што и принципот распределба според трудот е „буржоаски принцип" и не е принцип на еднаквост туку создава нееднаквост,[13] но која е во функција на зголемување на продуктивноста на трудот и националното богатство, а со тоа и на забрзување на социјалистичкиот развој.

Токму и во услови на дејствување на пазарните законитости во изградбата на социјализмот единствено самоуправувањето овозможува остварување на принципот распределба на доходот според трудот и неговите резултати. Во југословенското искуство во раз-

---

[13] *К. Маркс,* Критика на Готската програма, „Култура" — „Мисла", Скопје, 1974, с. 24.

војот на социјалистичкото самоуправување се покажува дека доходот е таква категорија која од една страна претставува самоуправен производствен однос кој се изразува меѓу работниците во здружениот труд, а од друга страна економски фактор, мотив и поттикнувачка сила за зголемување на продуктивноста на трудот, поуспешно работење и подобар начин на живеење. Тоа, пак, овозможува поуспешно да се ликвидираат остатоците на наемниот труд, експлоатацијата, а трудот сè повеќе да го губи својот класен карактер.

3. И планирањето во социјализмот е тесно и неодвоиво поврзано со самоуправувањето како негова суштина. Искуството од изградбата на социјализмот во Југославија, како и искуството од етатистичкиот модел на социјализам, јасно покажуваат за постоењето на два типа и облици на планирање: државно-централистички и самоуправен. Во првиот тип на планирање процесот се одвива на рамниште на централните административни органи, со настојување сè да се планира, додека на организациите кои се наоѓаат на ниските стапала на хиерархизираната општествена структура не им останува друго освен донесените планови да ги извршат, реализираат во практиката. На тој начин планирањето е еднонасочен процес „одгоре додолу". Во самоуправното планирање процесот е обратен: планирањето тргнува од основните клетки (ООЗТ) на општествената организација, вклучувајќи го секој нејзин субјект преку комуната, републиката до Федерацијата; притоа, не губејќи ја врската во планирањето на повисоките рамништа на планирање, преку овластувањата на нивните делегации и делегати.

На тој начин, преку овој вид на самоуправно планирање се настојува да се надмине „централистичкото" и „глобалистичкото", државното и технократското планирање, така што планирањето низ процесот на самоуправувањето се поопштествува и го овозможува надминувањето на поделеноста на субјектите на наредбодаватели и извршители на планот, како и на подвоеноста помеѓу таканаречениот „микро" и „макро" план.

Самоуправното планирање го негира постоењето на план во социјализмот како функција на власта, државата; го негира како средство и цел на етатистичко одлучување. Самоуправувањето овозможува планот во социјализмот да се сфати како функција и израз на самоуправно-здружениот труд каде што се изразуваат и остваруваат интересите на работничката класа и на работните луѓе, каде што се овозможува процесот на договарање и здружување на средствата и трудот, преку што и единствено можат да се надминуваат противречностите помеѓу личните и заедничките интереси.

4. Развојот на самоуправувањето во социјализмот единствено го расчистува патот кон надминување на класниот карактер на социјалната структура. Со тоа што самоуправувањето по својата суштина е непосредно владеење на работничката класа, а не е само учество во управувањето на претпријатието, има суштинско значење во процесот на претворање на нејзиното наемно во самоуправно битие, процес означен од Карл Маркса (врз основа на искуството од Париската комуна) како „претворање на секој човек во работ-

ник", процес кој овозможува надминување на општествената поделба на трудот — тој темел на класните противречности и судири, процес кој се означува како одумирање на класните и сите други отуѓени технобирократски слоеви и општествени групи. Југословенското искуство укажува дека во сите оние фази, периоди на застој или потиснување на самоуправните односи и процеси во социјалната структура силно се изразуваа бирократските, технократските и ситнограѓанските елементи со своите спротивставени интереси, и обратно. Така, во разни периоди на општествено-економскиот развој се раѓа и настанува мошне флуидна и сложена социјална структура која е динамична со различни премини. Неа ја сочинуваат: 1) работничката класа и посебно индустриските работници; 2) најголемиот дел од селанството; 3) разни социјални групи чија егзистенција и општествена моќ се засноваат врз ситносопственичките односи (приватните занаетчии, приватниците во угостителството и трговијата); 4) администрацијата; 5) стручњаците, посебно во високоучилишна наобразба, и 6) слојот на раководители (директори, функционери, платени политички работници и сл.).

Ваквата слика на социјална структура значајно се менува во зависност од тоа дали постои развиен, доминантен самоуправен однос или процес или не постои, односно доколку тој постои, тогаш се јавува неминовна законитост на суштински промени на социјални слоеви и групи во работници, процес во кој работничката класа се јавува како матица околу која се врши преструктуирање и групирање. Во такви услови слоевите на администрацијата, стручњаците и раководителите својата општествена положба и моќ ја доближуваат или со еден дел ја изедначуваат со онаа на работниците. Доколку самоуправувањето не постои како развиен и доминантен општествен однос во изградбата на социјализмот, тогаш стожер на групирањето претставува државно-административниот слој кој се претвора во бирократија или техноменаџерскиот — израснат од стручњаците и сопственичките слоеви или пак нивната симбиоза (технобирократија). Работничката класа и другите производствени слоеви се наоѓаат во наемна положба и всушност постојната социјална структура сè повеќе се кристализира и се самообновува.

5. Веќе е доволно истакнато дека без самоуправување не може да настапи процес на одумирање на социјалистичката држава и правото, не може да настапи процес на поопштествување на политичкиот систем и воопшто поопштествување на политиката. Ако не се сфати тоа, тогаш би се нашле во парадоксална ситуација да се тврди, како што беше напред истакнато, дека диктатурата на пролетаријатот е завршена, надмината, а и понатаму останува државата која не одумира.

Овде накусо да укажам уште на непосредната и заемна проникнатост меѓу самоуправувањето, социјалистичката демократија и социјалистичкиот хуманизам.

Социјалистичката самоуправна демократија суштински се разликува од формалната и претставничката демократија во капитализмот и демократијата во етатистичкиот модел на социјализмот, со

тоа што во процесот на одлучувањето се вклучени најшироките работни слоеви и народни маси со што се надминуваат односите на експлоатација, хиерархиско подредување и надредување. Непосредната социјалистичка демократија за најшироките општествени слоеви постои само во услови кога тие се во можност секојдневно активно или преку избраните делегати да учествуваат во управувањето со производството, како и со државните, политичките и културните дејности, слободно критички и аргументирано, одговорно да ги изнесуваат проблемите и противречностите; слободно да изнесуваат предлози за нивното разрешување, да можат во секое време да ги отповикаат избраните делегати и сл. Без самоуправувањето демократијата останува формална и „заробена" во облиците на претставничката буржоаска или претставничко-етатистичката демократија. Но, се разбира дека единствено преку и низ самоуправувањето може да се изврши и процесот на одумирање на демократијата како политичка форма на управување — процес кој се уште не можат да го сфатат оние современи мислители кои се со кауцкијанска провениенција.

Социјализмот не е општество во кое прво се ослободува општеството или државата, па потоа поединецот, како што тврдат неговите догматичари и ревизионисти. Тешко може да се објасни какво е тоа „слободно" општество без слободни поединци. Дијалектиката помеѓу поединецот и општеството овде е претворена во чиста метафизика. Социјализмот и како утопија и како научен револуционерен поглед на светот настапи во име на човекот, во име на неговото ослободување преку ослободувањето на трудот, чиј социјален носител и историски револуционерен субјект е пролетаријатот. Само во конкретно историски услови на развој на социјалистичкото самоуправување води процесот на економско а, со тоа и на политичко, религиозно и воопшто културно разотуѓување на човекот, повторно враќање на неговиот изгубен тоталитет. Со тоа се овозможува процесот на развој на сите негови потенции и способности како слободно и творечко битие, и тоа не апстрактно, туку реално како самоуправно, генеричко битие на определен конкретно-историски степен од својот развиток; како активен и неделив дел на општествената заедница на здружени работници.

Суштината на социјалистичкиот хуманизам се состои во тоа што само вистинското социјалистичко самоуправување може да создава такви услови и општествени односи во кои конкретниот човек, ако поседува потенции на Рафаело, да го парафразирам соодветниот текст од „Германската идеологија", да ги изрази во потполност, т.е. да стане Рафаело,[14] а не во тоа дека сите ќе станат Рафаеловци. Во спротивно, и социјализмот и неговата суштина — самоуправувањето — би се пртвориле во обична фраза и апологија.

Како што се гледа од теориска гледна точка, саомуправувањето ги проникнува сите основни суштински карактеристики на социјалистичкото општество и истовремено е негова суштина, differentia specifica, негова законитост.

[14] *K. Marks — F. Engels*, Nemačka ideologija, II, „Kultura", Beograd, 1964, s. 112/13.

*PETRE GEORGIEVSKI*

# PARTICIPATION, SELFMANAGEMENT AND SOCIALISM

## SUMMARY

The contribution of the author consists of three parts. In the first part are outlined the different concepts about the meaning of „participation" and „selfmanagement" in both the contemporary theory in the West and the present Soviet theory... In the conditions of the capitalist way of production, regardless of the form of participation its essence remains the same: consulting the workers from the part of the slaveowners in making some: decisions mainly on the level of enterprize or factory.Under the statist socialist way of production the selfmanagement idea is state dominated in the from of „state selfmanagement" or, in other cases, the feasibility of selfmanagement development is questioned in socialism and such a development is postponed for the second phase of communism.

In the second part are analysed the similarities and differences between the notions of „participation" and „selfmanagement". The basic differences between these notion stem from basic characteristics of the ways of production or correspondingly the different types of socio-economic formations. Namely, the participation is characteristic for the capitalistic monopolistic and statist bureaucratic way of production and selfmanagement is interwoven with the socialist way of production. Selfmanagement is not one of the forms os participation or one of the roads of building socialism, but its essence, its differentia specifica, its social regularity.

The third part higlights the dialectical ties between selfmanagement and socialism. A connection betwen the notions of selfmanagement and the basic characteristic of socialism is establiched (social property, planning, distribution of income according to labor, changes in its social structure and socialist humanism).